Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë dhe Punës

Сектор за индустриска и инвестициска политика и општествена одговорност

Departamenti për politika industriale dhe investuese dhe përgjegjësi sociale

Согласно Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност за 2025 година, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/2025), дел II, област Б, Општествена одговорност, Мерка 1: Поддршка за развивање,одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти од преработувачката индустрија, Министерство за економија и труд објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
за поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во Република Северна Македонија

## I

Предмет на Јавниот повик е надоместување на дел од трошоците од страна на Министерството за економија и труд, за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти, во согласност со Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2025 година, дел II. област Б - „Општествена одговорност “мерка 1 („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 29/2025 година), во износ од 1.400.000,00 денари.

## II

На Јавниот повик може да се пријават деловни субјекти, регистрирани во Република Северна Македонија, кои вовеле/се стекнале со сертификат /се ресертифицирале со сертификат/подготвиле извештај за менаџмент системи за општествена одговорност во текот на 2024 и 2025 година, согласно:

- Стандардот SA 8000 и или Извештајот од:     BSCI/SMETA/GOTS/STEP  или

-  Извештај  за стандардот ESG (Environmental, Social and Governance (ESG)

- Извештај за стандардот ESRS (European Sustainability Reporting Standards).

Министерството за економија  и труд ќе ги надомести трошоците за:

-Воведување/стекнување/ресертификација со сертификат/извештај за менаџмент системи за општествена одговорност, согласно стандардот SA 8000/извештајот од ревизија според: BSCI/SMETA/GOTS/STEP, во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

Надоместени ќе бидат само докажаните трошоци за воведување/ сертификација/ ресертификација, настанати во 2024 и 2025 година.

-Изработка на извештај за Environmental, Social and Governance (ESG) стандарди и практики, во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари по барател на средствата. Надоместени ќе бидат само докажаните трошоци за изработка на извештај/сертификација, настанати во  2024 и 2025 година.

- Изработка на извештај согласно стандардот  ESRS, во висина од 75% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари по барател на средствата. Надоместени ќе бидат само докажаните трошоци за изработка на извештај/сертификација, настанати во  2024 и 2025 година.

III

Право на учество имаат приватни претпријатија кои:

- Се занимаваат со производство или услужни дејности
- имаат деловно седиште на територијата на Република Северна Македонија
- имаат намирени обврски кон државата и вработените

Овие субвенции не се наменети за:

- Правни лица чија основна дејност е примарно земјоделско производство и рибарство, образование, наука и здравство;

- Правни лица кои вршат правни услуги кои се даваат преку јавни служби: адвокатура и нотаријат; како и  независни професии: извршители, стечајни управници и проценители;
- Правни лица над кои е покрената стечајна постапка или ликвидација.

IV

Потребни документи за пријавување за воведување/стекнување/ресертификација со сертификат/извештај за менаџмент системи за општествена одговорност, согласно стандардот SA 8000/извештајот од ревизија според: BSCI/SMETA/GOTS/STEP:

- Пополнет образец „Барање – ОО 2025“ во оригинал (може да се најде на веб страната на Министерството за  економија и труд www.economy.gov.mk);
- Пополнет образец „Изјава за доделена државна помош 2025“, во оригинал и заверен на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за  економија www.economy.gov.mk). Во Изјавата корисникот на државна помош ја наведува исклучиво примената хоризонтална помош.
- Пополнет  Образец „ИЗЈАВА-2025„ заверена на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за  економија www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија – не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор за сертификација/ ресертификација/ спроведување на аудит помеѓу барателот и сертификациското тело/телото за оценување, склучен во текот на 2024 и 2025 година (датумот на Договорот треба да е пред датумот на сертификатот/извештајот). Доколку сертификациското тело/телото за оценување е од странство, во случај Договорот да е на странски јазик, потребно е да се достави и превод на договорот на македонски јазик од овластен судски преведувач;
- Сертификат/ресертификација/извештај, издаден/изработен во текот на 2024 и 2025 година, од сертификациско тело*/тело за оценување за менаџмент системи за општествена одговорност, согласно стандардот SA 8000/извештајот од ревизија според: BSCI/SMETA/GOTS/STEP;

  *Сертификациското тело мора да е акредитирано од акредитациско тело кое е потписник на ЕА-МЛА/ИАФ-МЛА; или да е акредитирано од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ). Сертификатот согласно стандардот SA8000, издаден од сертификациско тело, треба да содржи знак/симбол

за акредитација или текст кој упатува на акредитираниот статус на сертификациското тело.

- Фактура/и за сите трошоци во врска со извршена сертификација/ ресертификација/ аудит од сертификациското тело/ телото за оценување;
- Извод од банката депонент или SWIFT, во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон сертификациското тело/телото за оценување, согласно склучениот Договор;
- Уплатница на износ од 250,00 денари (*Цел на дознака:* Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Приходи на органи на управа, *Банка на примач:* Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840_______ (во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00) и Уплатница на износ од 50,00 денари (*Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840_______ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00).

Потребни документи за пријавување за подготовка на извештај поврзани со “Environmental, Social and Governance (ESG) стандарди и практики (по следниот редослед):

Пополнет образец „Барање – ОО 2025“ во оригинал (може да се најде на веб страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk);

- Пополнет образец „Изјава за доделена државна помош 2025“, во оригинал и заверена на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk). Во Изјавата корисникот на државна помош ја наведува исклучиво применатa хоризонтална помош.
- Пополнет Образец „ИЗЈАВА-2025„ заверена на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија – не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор за изработка на ЕСГ извештај и/ или воведување на ЕСГ сертификати и практики склучен во текот на 2024 и 2025 година
- Фактура/и за сите трошоци во врска со изработка на извештајот/сертификација
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон договорната страна согласно склучениот Договор;

- Уплатница на износ од 250,00 денари (*Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач*: Приходи на органи на управа, *Банка на примач*: Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840____(во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00) и
- Уплатница на износ од 50,00 денари (*Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач*: Трезорска сметка, *Банка на примач*: Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840____ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма*: 722313 00).

Потребни документи за пријавување за подготовка на извештај поврзани со European Sustainability Reporting Standards (ESRS) (по следниот редослед):

- Пополнет образец „Барање – ОО 2025“ во оригинал (може да се најде на веб страната на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk);
- Пополнет образец „Изјава за доделена државна помош 2025“, во оригинал и заверена на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk). Во Изјавата корисникот на државна помош ја наведува исклучиво применета хоризонтална помош.
- Пополнет Образец „ИЗЈАВА-2025„ заверена на нотар (може да се најде на веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија – не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор за изработка на ESRS извештај и/ или воведување на ESRS сертификат склучен во текот на 2024 и 2025 година
- Фактура/и за сите трошоци во врска со изработка на извештајот/сертификација
- Извод од банката депонент во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон договорната страна согласно склучениот Договор;
- Уплатница на износ од 250,00 денари (*Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач*: Приходи на органи на управа, *Банка на примач*: Народна банка на Република Северна Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840____(во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00) и Уплатница на износ од 50,00 денари (*Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач*: Трезорска сметка, *Банка на примач*: Народна банка на Република Северна Македонија,

*Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840____ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма*: 722313 00).

V

Горенаведената документација се доставува во оригинал или во копија, доколку не е исклучиво наведено дека е потребен оригинал. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница од документите ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

Еден апликант може да користи субвенција за само ЕДЕН сертификат/извештај по овој јавен повик.

Корисник на субвенција не може да биде субјект кој добил државна помош за иста активност во претходните 2 (две) години.

VI

Начин и рок на доставување и разгледување на барањата

Барањата заедно со комплетната документација се доставуваат во затворен плик во Архивата на Министерството за економија и труд, на ул. „Јуриј Гагарин” бр. 15, Скопје, секој работен ден од 9:00 – 15:00 часот (лично или по пошта, запазувајќи го крајниот рок за аплицирање).

На пликот треба да стои:

До Министерство за економија и труд

за ЈАВЕН ПОВИК – ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ 2025

со назнака: НЕ ОТВАРАЈ

При поднесување на барањето, секој барател има право да побара потврда од Архивата за редниот број и датумот на поднесување на барањето.

Доколку барањето се доставува по пошта, како датум на поднесување на истото ќе се смета датумот кога барањето е пристигнато и заведено во Архивата на Министерството за економија и труд .

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од Министерот за економија и труд .

Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот „прв дојден, прв услужен", односно по редослед на поднесување на апликациите, до исцрпување на расположливите средства.

По исцрпувањето на расположливите средства, Министерството за економија и труд ќе објави Известување за исцрпување на расположливите средства на Веб страниците: www.economy.gov.mk.

Доколку поднесеното барање е некомплетно, Министерството за економија и труд ќе се обрати до апликантот и ќе побара тој да го дополни барањето, во определен рок.

Со цел запазување на принципот „прв дојден, прв услужен", за барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на барањето, односно датумот кога барањето за субвенционирање ќе биде целосно комплетирано.

Министерството за економија и труд го задржува правото да изврши контрола на документацијата согласно објавениот јавен повик.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за економија и труд www.economy.gov.mk.

Крајниот рок за аплицирање по овој јавен повик е заклучно со 15.08.2025 година.

Барањата кои ќе пристигнат по крајниот рок за аплицирање и по исцрпување на расположливите средства нема да бидат разгледувани.

Информации на телефон (02) 3093 475;

(02) 3093 403 и на www.economy.gov.mk